10.01.2025

Врз основа на член 50 став 1 точка 14 и 16 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.50/02), а во согласност со член 52 став (1) од Законот за административните службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19, 14/20, 215/21 и 99/22), доставената Финална ранг листа на интервјуираните кандидати и предлог одлука за избор на прворангираниот кандидат (бр.04-116/4 од 09.01.2025 година) од Интерен оглас бр.04/2024 и член 3 од Правилникот за систематизација на работните места во општинската администрација на Општина Кочани (бр.01-868/1 од 27.04.2016 година, бр.01-2069/1 од 22.11.2017 година, бр.01-898/1 од 04.04.2018 година, бр.01-1336/1 од 04.06.2018 година, бр.04-1680/1 од 18.07.2018 година, бр.04-2377/1 од 08.11.2018 година, бр.01-1018/1 од 07.04.2021 година, бр.01-1273/1 од 03.06.2022 година, бр. 01-1158/1 од 08.06.2023 година и бр. 01-2301/1 од 17.12.2023 година и бр. 01 – 1019/1 од 17.06.2024 година), Градоначалникот на Општина Кочани ја донесе следната

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КОЧАНИ
БР. 04-116/5
10.01 2025 год.
КОЧАНИ

**О Д Л У К А**
**за избор на кандидат за унапредување на административен службеник**

1) На Интерниот оглас бр.04/2024, за работно место **Раководител на Сектор за правни, јавни дејности и општи работи** во Сектор за правни, јавни дејности и општи работи, шифра УПР 01 01 Б02 000 – 1 извршител во Општинската администрација на Општина Кочани, **се врши избор на кандидат за унапредување на административен службеник – Венцо Бојков**.

2) Одлуката за избор ќе се достави до избраниот кандидат и ќе се објави на интернет страницата на Општина Кочани.

3) Избраниот кандидат за унапредување на административен службеник од точка 1 од оваа Одлука, ќе биде распореден по конечноста на оваа Одлука, за што ќе се донесе посебно Решение;

***О б р а з л о ж е н и е***

Комисијата за селекција за унапредување по интерен оглас формирана од страна на Градоначалникот на Општина Кочани со Решение (бр.04-1886/8 од 30.12.2024 година) во функција на спроведување на постапката за унапредување на административен службеник за работното место од точка 1 на оваа Одлука, по Интерниот оглас за унапредување на 1 административен службеник во Општинската администрација на Општина Кочани (бр.04-1886/1 од 24.12.2024 година), објавен на интернет страницата на Општина Кочани и на интернет страницата на Агенцијата за администрација под бр.04/2024 на 27.12.2024 година ја спроведе постапката согласно Законот за административните службеници која е во две фази.

Од првата фаза Комисијата за селекција за унапредување по интерен оглас, изготви Записник од административна селекција за интерен оглас (бр.04-116/2 од 09.01.2025 година) во кој беше утврдено дека на огласот за наведеното работно место е пријавен вкупно 1 кандидат, од кој уреден 1, а неуредни 0 кандидати. Во втората фаза продолжи 1 уреден кандидат, со кој Комисијата изврши интервју, за да Комисијата изготви Записник од работата на Комисијата за селекција за унапредување на административен службеник заради спроведување на интервју (бр.04-116/4 од 09.01.2025 година).

По спроведените 2 фази од постапката, а во согласност со Законот за адмнистративните службеници се изготви Финална ранг листа на интервјуираните кандидати и предлог одлука за избор на прворангираниот кандидат, кои се доставија до Градоначалникот на Општина Кочани (бр.04-116/4 од 09.01.2025 година).

Градоначалникот на Општина Кочани во согласност на член 52 став (1) од Законот за административните службеници, ја донесе оваа Одлука за избор на кандидат за унапредување на административен службеник по Интерен оглас бр.04/2024, во која е одлучено дека за работно место Раководител на Сектор за правни, јавни дејности и општи работи во Сектор за правни,

јавни дејности и општи работи, шифра УПР 01 01 Б02 000 – 1 извршител со звање раководител на сектор во Општинската администрација на Општина Кочани, прворангираниот кандидат за унапредување на административен службеник е – Венцо Бојков.

Врз основа на сето горе изнесено, Градоначалникот на Општина Кочани одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

***Правна поука:*** *Против Одлуката незадоволниот кандидатот има право во рок од 8 дена да поднесе на жалба до Агенција за администрација од денот на објавувањето на Одлуката на веб страницата и на огласната табла на Агенцијата за администрација.*

Доставено до:

- Архива
- Одделение за УЧР
- Агенција за администрација
- Кандидатот

**Градоначалник на**
**Општина Кочани**
**Љупчо Папазов**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА КОЧАНИ